# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 3 | КОЧАНИ, 22 Февруари 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 22.02.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 22.02.2024 година, и тоа:

1.Буџетски календар за 2024 година, Бр.09-497/1

2.Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на ГП 1.14 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, КО Кочани, Општина Кочани, Бр.09-493/1

3.Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр.1043 КО Тркање, кој е изграден надвор од плански опфат, Бр.09-494/1

4.Одлука за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.8206/1, КП бр.8210 и КП бр.5398/1 КО Кочани, КП бр.6089 КО Тркање, КП бр.1960 и КП бр.1946/1 КО Оризари чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, Бр.09-495/1

5.Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска докумен-тација за бесправно изградените објекти на КП бр. 3282 КО Оризари, КП бр. 3314 КО Оризари, КП бр. 3326 КО Оризари и КП бр. 40 КО Оризари, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-496/1

6.Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-498/1

7.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Пробиштип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани, Бр.09-500/1

8.Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП Водовод Кочани за 2024 година, Бр.09-499/1

9.Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Пробиштип, Бр.09-501/1

Бр.08-502/1
22.02.2024 година
К о ч а н и
Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 61/04,96/04,67/07156/09,42/11 ,192/15 и 209/18 и (Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/2019 53/21,77/21 и 173/22), Советот на Општина Кочани ,на 25-та седница одржана на 22.02. 2024 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА**

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| Февруари/март | Советот на општината го донесува буџетскиот календар | |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на РСМ Фискална стратегија за наредните три години | |
| септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ, кој им го доставува на општините . | Закон за буџетите Закон за финансирање на ЕЛС |
| октомври | Градоначалникот и раководители на сектори се состануваат , за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година . | Градоначалник<br><br>Раководители на сектори |
| октомври<br><br>**октомври** | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетскте корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Сектор за финансиски прашања |
| октомври<br>октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Секторот за финансирање и буџет од останатите Сектори и буџетските корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| октомври/ноември | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и | Сектор за |

| | | |
|---|---|---|
| | усогласуваат<br>в .Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>х. Сеподготвува планот на програмите за развој | финансиски прашања |
| ноември | Се донесува План на програми за развој | Совет на општината |
| декември | Нацрт-буџетот(работен материал) се води јавна расправа од Советот на Општината,НВО,Здруженија на граѓани,Месни заедници и заинтересирани граѓани | Совет на општината<br>Јавна расправа |
| декември | Се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот. | Градоначалник |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финасирање и буџет |
| декември | 1.Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Одлука за извршување на буџетот<br>3. Доколку Советот не го усвои Предлог -буџетот донесува одлука за времено финасирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС | Совет на општината |
| 1-јануари | Започнува новата буџетска година- Извршување на донесениот буџет. | |

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-497/1
22.02.2024 година
К о ч а н и

Претседател
на Совет на Општина Кочани,
Лазо Митев

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ( „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20 и 111/23) Советот на Општина Кочани , на седницата одржана на 22.02. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на ГП 1.14 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, КО Кочани, Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на ГП 1.14 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, КО Кочани, Општина Кочани, со тех.бр.0801-104/23 од Јануари 2024г. изработен од ДТУ „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на ГП 1.14 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, КО Кочани, Општина Кочани, се формира градежна парцела ГП 1.14, составена од дел од КП бр. 15182 КО Кочани. Промената се врши поради зафаќање на земјиште со реализирана сообраќајница во граници на градежната парцела утврдени во ист урбанистички план, заради остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес.

Член 3

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог и претставена описно:

- на југ коинцидира со граници на ГП 1.13 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, Општина Кочани
- на запад коинцидира со улична мрежа дефинирана со ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, Општина Кочани
- на исток коинцидира со улична мрежа дефинирана ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, Општина Кочани
- на север коинцидира со граници на ГП 1.15 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, Општина Кочани

Површината на планскиот опфат во рамките на границата изнесува 296м2.

Површината на градежната парцела изнесува 272 м2.

Член 4

Планот за парцелација од член 1 на оваа одлука содржи:

Опис и образложение за парцелација;
Графички дел – план за парцелација и Синтезна карта.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-493/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр.1043 КО Тркање, кој е изграден надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.1043 КО Тркање, кој е изграден надвор од плански опфат.

Член 2

1. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена викенд куќа (А4-3), означена како зграда 1, изграден на КП бр. 1043 КО Тркање запишана во Имотен лист бр. 1103 за КО Тркање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-494/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.8206/1, КП бр.8210 и КП бр.5398/1 КО Кочани, КП бр.6089 КО Тркање, КП бр.1960 и КП бр.1946/1 КО Оризари чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 1

Се утврдува неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.8206/1, КП бр.8210 и КП бр.5398/1 КО Кочани, КП бр.6089 КО Тркање, КП бр.1960 и КП бр.1946/1 КО Оризари, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со УПВНМ за стопански комплекс со мала хидроелекрана на брана Градче со спортско рекреативни и угостителски содржини, со Тех. бр. 0302-1002, донесен со Одлука бр.07-608/1 од 14.03.2008 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 1 со намена А4-3 – викенд куќа, изграден на КП бр.8206/1 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.18808 за КО Кочани и КП бр.8210 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.650 за КО Кочани.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Д2 – заштитно зеленило, дефинирана со УПС за Тркање, со Тех. бр. 19/2017 донесен со Одлука бр.09-1099/1 од 20.05.2020 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 7 со намена помошен објект (А5-4), изграден на КП бр.6089 КО Тркање запишан на Имотен лист бр.1790 за КО Тркање.

3.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Б6 – градби за собири, дефинирана со Генерален урбанистички план за град Кочани, Општина Кочани, со Тех. Бр. 186/13, донесен со Одлука бр.09-1401/1 од 15.07.2016 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 1 со намена викенд куќа (А4-3), изграден на КП бр.5398/1 КО Кочани запишан на Имотен лист бр.3417 за КО Кочани.

4.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Б2 – големи трговски единици, дефинирана со УПС за Оризари, Тех. бр. 336/17, донесен со Одлука бр.09-2466/1 од 26.12.2022 год. заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 1 со намена индивидуална станбена зграда (објект наменет за домување во станбени куќи - А1-1), изграден на КП бр.1960 КО Оризари запишан на Имотен лист бр.3238 за КО Оризари.

5.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши усогласување на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, дефинирана со УПС за Оризари, Тех. бр. 336/17, донесен со Одлука бр.09-2466/1 од 26.12.2022 год. заради вклопување на бесправно изградениот објект, означен како зграда 1 со намена индивидуална станбена зграда (објект наменет за домување во станбени куќи - А1-1), изграден на КП бр.1946/1 КО Оризари запишан на Имотен лист бр.3234 за КО Оризари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-495/1
22.02.2024 година
Кочани
Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 3282 КО Оризари, КП бр. 3314 КО Оризари, КП бр. 3326 КО Оризари и КП бр. 40 КО Оризари, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува непроширување на плански опфат во идната урбанистичко -планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 3282, КП бр. 3314, КП бр. 3326 КО Оризари и КП бр. 3326 КО Оризари, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат со намена виќенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 3282 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1233 за КО Оризари.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 3314 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 882 за КО Оризари и КП бр. 3326 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Оризари и бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена помошен објект (А5-4), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 3326 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Оризари.

3.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена помошен објект во земјоделство - фарма (Ф2), означен како зграда 5, изграден на КП бр. 40 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Оризари, бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена помошен објект во земјоделство - фарма (Ф2), означен како зграда 6, изграден на КП бр. 40 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Оризари и бесправно изградениот објект изграден надвор од плански опфат со намена помошен објект во земјоделство - фарма (Ф2), означен како зграда 7, изграден на КП бр. 40 КО Оризари запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Оризари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-496/1
22.02.2024 година
Кочани
Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 34 став 4 од Законот за буџети ((„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002,64/2005,4/2008,103/08,156/09,95/110,180/11,171/12,192/15 и 167/16), и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/2021, Советот на Општина Кочани на 42-та седница одржана на 22.02.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоред на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2023 година ,на следниот начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | | | |
| Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ. | ДОНАЦИИ |
| КРЕДИТИ | | | |

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

742114 Приходи од Европската унија
180.000

743211 Капитални донации
2.300.000

и се распределуваат на следните расходни потставки:

**Г10 Подршка на локален економски развој**

| | | |
|---|---|---|
| 420210 | Патување во странство- хранарина(дневница) | 40.000 |
| 420220 | Патување во странство-патни расходи | 80.000 |
| 420230 | Патување во странство-сместување | |

**JОО Одржување на урбана опрема**

423990 Други материјали 2.300.000

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2024 година.

Бр.09-498/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

Врз основа на член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија” бр.79/2009), член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Пробиштип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани

Член 1
Се прифаќа предлогот на Советот на Општина Пробиштип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани бр.26-80/17 од 26.01.2024 година, за давање на комунална услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад на територијата на општина Пробиштип СРТЦ Пониква од странна на Општина Кочани преку КЈП „Водовод“ - Кочани.

Член 2
Надлежност за која се поднесува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка:
МОС помеѓу Општина Кочани и Општина Пробиштип се воспоставува во областа на давање на комунални услуги од Општина Кочани – преку КЈП „Водовод“- Кочани (давател на услуга) за потребите и на сметка на Општина Пробиштип (корисник на услугата), преку “склучување на договори за вршење на определени работи од една општина за една или повеќе други општини” во согласност со член 9 став (2) алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 3
Можни финансиски импликации од соработката:
За воспоставената меѓуопштинската соработка Општина Кочани и Општина Пробиштип ќе склучат посебен договор во кој ќе ги уредат мегусебните права и обврски.

Член 4
Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-500/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со членот 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019, 275/2019, 82/2020, 89/2022 И 274/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП „Водовод“ Кочани за 2024 година

I

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ – Кочани за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП „Водовод“ - Кочани за 2024 година, бр.02-78/1 од 09.02.2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-449/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.02.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Пробиштип

I

За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Кочани и Пробиштип , се именуваат:

- Анна Кралева – Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи работи во Општинска администрација на Општина Кочани
- Венцо Бојков – Раководител на Одделение за правни и општи работи во Општинска администрација на Општина Кочани

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани.

Бр. 09-501/1
22.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина
Кочани
Лазо Митев

---

# СОДРЖИНА

1.Буџетски календар за 2024 година, Бр.09-497/1
Стр.2

2.Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на ГП 1.14 од ДУП на дел од УЕ 8, дел од Блок 3, КО Кочани, Општина Кочани, Бр.09-493/1
Стр.4

3.Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградениот објект на КП бр.1043 КО Тркање, кој е изграден надвор од плански опфат, Бр.09-494/1
Стр.5

4.Одлука за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.8206/1, КП бр.8210 и КП бр.5398/1 КО Кочани, КП бр.6089 КО Тркање, КП бр.1960 и КП бр.1946/1 КО Оризари чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, Бр.09-495/1
Стр.5

5.Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска докумен-тација за бесправно изградените објекти на КП бр. 3282 КО Оризари, КП бр. 3314 КО Оризари, КП бр. 3326 КО Оризари и КП бр. 40 КО Оризари, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-496/1
Стр.7

6.Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-498/1
Стр.8

7.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на Општина Пробиштип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Пробиштип и Општина Кочани, Бр.09-500/1
Стр.9

8.Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во КЈП Водовод Кочани за 2024 година, Бр.09-499/1
Стр.9

9.Решение за именување членови во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кочани и Општина Пробиштип, Бр.09-501/1
Стр.10